**„Коегзистенција"** се однесува на релацијата (изгубената релација) помеѓу природата и човекот (секако и самиот Галичник и неговата природа и традиција треба да извршат некаков импакт врз финалниот производ), релацијата или коегзистенцијата на видливиот свет со невидливите опасности (вирусите и пандемиите кои не демнеат), коегзистенцијата на уметноста и обичниот човек или лаикот: уметноста и политиката: уметноста и екологијата: уметноста и технологијата. Секако секој друг меѓуслој на читање на „коегзистенцијата" може да се земе в предвид и да се обработува од страна на авторот, но интенцијата е барем на минорно ниво да се остави трага или белег на времето во кое живееме сега.

**Учесници:**
Ненад Тонкин, Јана Јакимовска, Шќипе Мехмети, Борче Богоевски, Тања Ристовска, Игор Таневски, Ана Трајковска и Ана Ивановска од Македонија, Жангхонг Лиао (Кина), Бурим Муфтиу (Косово),Тарлан Лотфижаде (Иран), Слободан Радојковиќ и Марина Марковиќ (Србија), Франциско Томшик (Уругвај), Ивана Радовановиќ (Црна Гора), Рубен Бас (Германија).